# РЕФЕР АТ

## ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНА ОБЛАСТ МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ И ИСТОРИЈА НА ДИПЛОМАТИЈАТА НА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП

Со Одлука бр. 2602-38/5 од 17.1.2014 година донесена на 107. седница на Наставно-научниот совет на Факултет за туризам и бизнис логистика, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на избор на соработник во соработничко звање асистент за научна област *меѓународни односи и историја на дипломатијата* на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија" и „Коха" на 25.12.2013 година и во предвидениот рок се пријавија кандидатките: м-р Анета Стојановска-Стефановска, м-р Моника Петрова, м-р Кристина Богевска-Малинка и м-р Ангела Наумоска.

По разгледувањето на пристигнатиот материјал, врз основа на чл. 124 и 125 од Законот за високото образование и чл. 7, 36, 37 и 38 од Правилникот за единствените критериуми и постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, Рецензентската комисија врз основа на приложената документација, на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика му го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

***Биографски податоци***

***М-р Анета Стојановска-Стефанова*** е родена на 28 јануари 982 година во Штип. Пријавената кандидатка е магистер на политички науки, област европска меѓународна политика и дипломатија. Кандидатката своето основно образование и средното образование (Гимназија „Славчо Стојменски") ги завршува во Штип, со одличен успех.

Во учебната 1999/2000 година кандидатката ги запишува студиите на Правниот факултет „Јустинијан Први" при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на Отсекот за политички науки. Дипломира на 26 мај 2005 година со средна оценка 9.32 и се стекнува со стручен назив дипломиран политиколог.

За време на студирањето и подоцна, кандидатката објавува свои трудови во списанието „Став" на Правниот факултет „Јустинијан Први", списанието „Студентски збор" и магазинот „Политичка мисла" и во Зборникот на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип.

На постидипломските студии кандидатката се запишува на ФОН - Првиот приватен универзитет во Скопје, во 2007 година на Факултетот за политички науки, дипломатија и новинарство. Насока Меѓународна и европска политичка дипломатија. Студиите ги завршува со оценка 9,8 и во јули 2010 година ја пријавува темата „Уставно-правните и политички аспекти на надворешната политика, со посебен осврт на искуствата на Република Македонија".

На 29 ноември 2013 година, кандидатката Стојановска-Стефанова успешно го одбранува магистерскиот труд и се стекнува со научен назив магистер на политички науки, област европска и меѓународна политика и дипломатија.

***Работно искуство***

Во периодот од 2002 до 2003 година, кандидатката работи како практикант во Собрание на Република Македонија, преку Програмата за практиканти, организирана од Националниот демократски институт. Во периодот од 2003 до 2005 година работи во Француската рекламна агенција „Публицис" - Скопје, во Одделот за односи со јавноста како ПР координатор.

Во периодот 2005-2006 година кандидатката е вработена во ЈП „Водовод“ - Скопје (шеф на кабинет), во периодот 2006-2007 година работи во Министерството за транспорт и врски како државен советник за стручна поддршка и шеф на Кабинетот на министерот. Од 2007 до 2011 година работи како помлад асистент на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип. Од 2009 до 2013 година кандидатката е советник во Советот на Град Скопје. На Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип работи како помлад асистент по предметите: Трговско право, Право на договорите во меѓународен промет, Меѓународен транспорт и шпедиција, Комерцијална логистика и Логистички менаџмент.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Кандидатката активно учествува во наставно-образовна дејност преку активностите на Германската фондација „Конрад Аденаурер“ и практикувањето во Собранието на Република Македонија преку Американскиот национален демократски институт. В о научноистражувачката дејност се афирмира преку учество и презентација на стручни трудови на конгреси, конференции, проекти, симпозиуми, семинари и отворени трибини во земјава и во странство. Во исто време, кандидатката е автор на повеќе стручни трудови во различни списанија.

Кандидатката учествува на бројни конференции со презентирање на свои трудови. Исто така, кандидатката особено е активена во бројни проекти (Проект: ТИМ Македонија), Национална транспортна стратегија и презентирање проекти за подобрување на железничката инфраструктура и други активности во рамките на стартегии, планови, на државно ниво од посебен национален интерес.

За својата активност и учество во дополнителни обуки, кандидатката Стојановска-Стефанова се стекнува со сертификати од: Школа за новинари, Правен факултет „Јустинијан Први”, Press Now, ОБСЕ, Струмица, Тетово и Скопје, во 2003 година, сертификат за европски интеграции – „Балканска перспектива” – long distance learning за европски интеграции, од Белградска отворена школа и Институтот „Улоф Палме“, во 2005 година, сертификат за успешно завршен тренинг за легислативно работење од страна на Национален демократски институт, во 2003 година, сертификат за комуникациски вештини и тимска работа од Центар за едукација и менаџмент „Мотива”, во 2005 година, сертификат за унапредување на менаџмент вештините, Центар за образование и обука „Мотива“ во 2007 година; сертификат за организирање ефикасни состаноци, мотивација и преговарање, Центар за образование по менаџмент „Мотива”, во 2008, како и сертификат за управување со организациска култура, Центар за образование по менаџмент МОТИВА, во 2009 година.

Кандидатката Стојановска-Стефанована на 8 март 2009 година ја добива Наградата за посебни заложби од страна на УСАИД - Агенција за меѓународен развој на САД, за докажано лидерство и континуирана поддршка во процесот на развој и имплементација на автоматскиот систем за распределба на ЦЕМТ дозволи, како и за раст на транспарентноста, чесноста и посветеноста во рамките на проектот на УСАИД, наречен Е-Влада.

***Научни и стручни трудови***

Кандидатката ја потенцира својата посветеност во творечка смисла со изготвување и објава на бројни стручни трудови од областа на политиката и анализа на политичките процеси, процесот на евроинтеграцијата на Република Македонија, коментари и состојби во областа на транспортот, паневропските транспортни оски Коридор 8 и 10, процесот на апроксимација на националното кон европското законодавство, бројни анализи за функционални системи во глобалниот транспорт и инфраструктурата и односите во делот на превоз на патници, стока во патниот сообраќај.

Кандидатката Стојановска-Стефанова одлично го говори англиски јазик, а во исто време се служи со германскиот јазик.

***Објавени трудови:***

1. Стојановска, Анета (2010): „Процесот и методите на признавање на државите», Зборник на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев», Штип, стр.259-268,.
2. Стојановска, Анета (2006): „Балканот на распетие“, Политичка мисла, списание за политичко - општествени теми, 4 (14). стр. 95-100.
3. Стојановска, Анета (2005): По изборот на Папата Бенедикт *XVI, католицизмот свртен кон вистинските вредности на христијанството,* Политичка мисла, списание за политичко-општествени теми, 3 (10). стр. 49-53.
4. Стојановска, Анета (2005): *„Солидарност”, како одраз на желбите на народите од Југоисточна Европа за Обединета Европа*. Политичка мисла, списание за политичко - општествени теми, 3 (11). pp. 59-63.
5. Стојановска, Анета (2004): Историскиот развој на Европската унија (политичко - економско гледиште), страници 11-30, Zbornik radova polaznika regionalnog onlaing programa Evropske integracije - pogled s Balkana“, издавач Beogradska Otvorena Skopa Centar za proucavanje informacionih tehnologija, Beograd 2004, ISBN 86-83411-24-9.
6. Стојановска, Анета (2000): „Утре е ден кога неуспехот ќе успее“, Штипски весник, година XXIV, број 337, 22.03.2000, стр.15.
7. Стојановска, Анета (мај 2000): „2000 год.-Младите за време на Христовото Воскресение“, списание Мотив, бр.9, стр.4.
8. Стојановска, Анета (април 2000): „Младите и алкохолизмот“, списание Мотив, бр.8, стр.6.
9. Стојановска, Анета (мај 2001): „Пејзаж од темни бои“, списание Став, бр.13, година IV, стр.18.
10. Стојановска, Анета (октомври 2001): „Мир со маска и цветна герила“, списание Став, бр.14, година IV, стр.11.
11. Стојановска, Анета (март 2002): „Проектот наречен Европа“, списание Став, бр.18, година V, стр.18.
12. Стојановска, Анета (март 2000): „Како против пороците?“, списание Мотив, бр.7, стр.4.
13. Стојановска, Анета (јануари 2000): „76 години од раѓањето на Ацо Шопов“, списание Мотив, бр.5, стр.4.
14. Стојановска, Анета (декември 1999): „Неправилна комуникација меѓу родителите и децата“, списание Мотив, бр.4, стр.4.
15. Стојановска, Анета (ноември 1999): „Наградени три поетски творби“, списание Мотив, бр.3, стр.4.
16. Стојановска, Анета (октомври 1999): „Со љубовни ноти, прв на почетокот и прв на крајот“, списание Мотив, бр.2, стр.4.
17. Стојановска, Анета (септември 1999): „Свртете го вниманието на убавите нешта“, списание Мотив, бр.1, стр.4.
18. Стојановска, Анета (1998): „Љубовта е моето оружје“, списание МакТин, бр.11, стр.10-11.

***Биографски податоци***

***М-р Ангела Наумоска*** е родена на 15 август 1970 година во Струга. Средно образование завршува во Струга, во 1998 година. Во 2010 година Наумоска се стекнува со звањето магистер на европска и меѓународна дипломатија и политика на ФОН-Првиот приватен универзитет во Скопје. Во 2002 година на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на Факултетот за педагогија, кандидатката се стекнува со звање дипломиран педагог.

***Работно искуство***

Во периодот 2000-2002 година кандидатката активно учествува во активностите во врска со проектите: Демократија и образование и ТЕМПУС во Скопје. Во 2003-2005 година работи во Маркетинг агенцијата „Стратешки маркетинг“, како истражувач.

Во периодот 2003-2005 година работи во ФОН како технички секретар и советник, а во 2006 година работи на Европскиот универзитет – Скопје во делот на јавни односи и маркетинг. Во 2005 година работи во ФОН, во Петтата приватна гимназија, како технички секретар и советник.

Во 2007 година работи како практикант во Собранието на Република Македонија. Во периодот 2007-2010 година работи како асистент во Собранието на Република Македонија.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Кандидатката Наумоска во својата документација ги потенцира менаџерските способности, капацитетот за лидерство, комуникација и координација. Говори англиски, српски, хрватски и руски јазик. Кандидатката го истакнува потенцијалот во комуникациите, вештините и образованието.

***Биографски податоци***

***М-р Моника Петрова*** е родена на 16 октомври 1988 година во Скопје. Кандидатката е магистер по меѓународно право и меѓународни односи, звање стекнато на Правниот факултет, Универзитет во Белград (насока Меѓународно право и меѓународни односи). Претходно на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје се стекнува со звањето дипломиран правник (2009 година).

***Работно искуство***

Кандидатката Петрова во текот на 2010 година извршува работи и задачи во салата на Институтот „Прогрес“ во Скопје. Во периодот 2011-2012 година, кандидатката е вработена како практикант во Дирекцијата за заштита на лични податоци, во Правниот сектор. Подоцна работи како практикант во ЕУ Инфо центарот на работи и задачи во врска со давање поддршка и логистика на извештаите, настаните и обезбедување информации.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Од приложената документација впечатливо е дека станува збор за млад кандидат кој има потенцијал за натамошна надградба и можност за практикување на своето знаење врз основа на солидниот степен на стекнато образование.

***Научни и стручни трудови***

Кандидатката Петрова го манифестира својот образовен профил, потенцирајќи го своето знаење стекнато со практикување во поглед на меѓународното право и дипломатијата, организациите, политичките односи на меѓународна сцена и процесот на евронтеграција. Кандидатката одлично говори англиски и шпански јазик, презентира тимска работа, креативност и одговорност.

***Биографски податоци***

М-р Кристина Богевска-Малинка е родена на 18 февруари 1976 година во Битола. Пријавената кандидатка е магистер по евроинтеграции и комунуикации, одбранета теза во 2009 година на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Европски студии (Институт за социологија), на постдипломски студии по евроинтеграција и комуникации, со оценка 9.66, под наслов „Европската соседска политика како алтернатива на процесот на проширување“. Во 2011/2012 година кандидатката ја пријавила својата докторска дисертациај под наслов „Можности и ограничувања за европеизација на соседството“.

***Работно искуство***

Во периодот 2006-2013 година кандидатката Богевска-Малинка работи како асистент на Европскиот универзитет – Република Македонија на Факултетот за комуникација и медиуми и Факултетот за политички науки (техники на новинарство, македонски јазик, култура и говор, историја на цивилизации и други предмети).

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Кандидатката Богевска-Малинка оставрува бројни учества на конференции (Конференција за социјална, родова и етничка еднаквост - Скопје) и други презентации на свои трудови (Конференција за регионална политичка соработка на Западен Балкан). Учествува на семинари со теми поврзани со јазиците, мултикултурата, демократските дијалози, комуникацијата. Исто така, учествува на курсеви во изучување на францускиот јазик.

***Научни и стручни трудови***

Кандидатката го потенцира своето искуство во образованието и резултатите стекнати од непосредното практикување во високото обарзование, способноста за совесно извршување на обврските и одговорноста во извршување на работите и задачите. Кандидатката Богевска-Малинка одлично говори англиски и француски јазик.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од извештајот, приложените документи и увидот во истите, впечаток е дека кандидатката Анета Стојановска-Стефанова ги задоволува пропишаните критериуми, согласно со членот 9 на Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип (објавен во Универзитетски гласник бр. 26 од 2.1.2013 година).

Кандидатката Анета Стојановска-Стефанова ги исполнува сите суштински и законски критериуми, како и критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, согласно со горецитираниот Правилник, за да биде избрана за соработник во соработничко звање асистент за научната област меѓународни односи и историја на дипломатијата на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Кандидатката има наставно искуство, соодветно образование, многубројни учества во проекти, научноистражувачки трудови, работилници и др.

Рецензентската комисија има задоволство и чест да му предложи на Наставно - научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика да **ја избере Анета Стојановска-Стефанова избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област меѓународни односи и историја на дипломатијата на Факултетот за туризам и бизнис логистика на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Доц. д-р Љупчо Сотироски, доцент – претседател, с.р.**
**Проф. д-р Никола В. Димитров, вонреден професор - член, с.р.**
**Проф. д-р Нако Ташков, вонреден професор, - член, с.р.**

## П Р И Л О Г

**Табела за вреднување на активностите на м-р Анета Стојановска – Стефановска, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип**

| Ред. број | Вид активност | Поени | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство | |
| Наставно - образовна дејност | | | | |
| 1. | Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период на прв циклус студии) | 30*0.2 | | 6 |
| 2. | Научнопопуларна статија во весник (6-18) | 13*0,5 | | 6,5 |
| | Вкупно: | **12,5** | | |
| Ред. број | Вид активност | Поени | | Вкупно |
| | | во земјава | во странство | |
| | | | | |
| 1. | Одбранет магистерски труд | 4 | | 4 |
| | Вкупно: | **4** | | |
| Ред. број | Вид активност | Поени | | Вкупно |
| | | во земјава | во странство | |
| Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност | | | | |
| 1. | Труд во стручно (научно - популарно) списание (1;2;3;4;5) | 5*2 | | 10 |
| | Вкупно: | **10** | | |

| | | |
|---|---|---|
| | Вкупно: | **26,5** |